Здружение Извиднички одред
НАУМ НАУМОВСКИ-БОРЧЕ
Бр. 03-140
15.10 2019 год.
КРИВА ПАЛАНКА

# СТАТУТ

## НА ЗДРУЖЕНИЕТО ИЗВИДНИЧКИ ОДРЕД НАУМ НАУМОВСКИ-БОРЧЕ КРИВА ПАЛАНКА

ДЕКЕМВРИ 2019

Врз основа на Законот за здруженија и фондации (Службен весник на РМ бр. 52 од 16.04.2010 година ) Собранието на Здружението Извиднички одред Наум Наумовски-Борче Крива Паланка, одржано на ден 15.12.2019 година донесе

# СТАТУТ

# НА ЗДРУЖЕНИЕТО ИЗВИДНИЧКИ ОДРЕД НАУМ НАУМОВСКИ-БОРЧЕ КРИВА ПАЛАНКА

## ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој статут се утврдува името и седиштето на здружението, целите и задачите, дејностите со кои се остваруваат целите и облиците и начинот на дејствување, видот на органите и нивниот состав, начинот на избор и разрешување, траење на мандатот на членовите на органитеи начинот на одлучување на органите и телата, начинот на пристапувањето, исклучувањето и престанокот на членувањето во здружението, правата обврските и одговорностите на членовите, застапувањето, начинот на стекнување на имот и изворите на финансирањето. Начинот на донесување на финансиските и други извештаи, јавност и отчитност во работата, начинот на донесување,изменување и дополнување на Статутот, начинот на донесување на статутарните промени и престанок на здружението, претставување и застапување на здружението, начинот на донесување на планови и програми. Постапување со средствата и имотот на здружението во случај на престанок и други прашања утврдени во согласност со Уставот и подзаконските закони на РСМ.

Член 2

Здружението Извиднички одред Наум Наумовски-Борче Крива Паланка е непрофитабилно, воспитно, доброволно, непартиско и самостојно здружение за деца и млади, отворено за членство за сите без оглед на верска, национална или расна припадност кои ќе ги прифатат начелата, целите, принципите и методите на неговото работење.

Работата на здружението е јавна и својата функција ја остварува во согласност со Уставот на РСМ, важечките закони, Статутот, начелата и принципите на Програмата за

работа на здружението, Програмата на Сојуз на Извидници на Македонија и ги прифаќа принципите и методите на Св етскаsта организација на Скаутско движење.

## НАЗИВ И СЕДИШТЕ

Член 3

Здружението е формирано и дејствува како ИЗВИДНИЧКИ ОДРЕД

Полниот назив на здружението гласи:

ЗДРУЖЕНИЕ ИЗВИДНИЧКИ ОДРЕД НАУМ НАУМОВСКИ – БОРЧЕ КРИВА ПАЛАНКА

Скратениот назив на здружението гласи:

Здружение И.О. Н.Н.-БОРЧЕ КРИВА ПАЛАНКА

Меѓународното име на здружението е:

Scout Group „N.N. Borce„

Седиштето на Здружението ќе биде на следната адреса:

Ул.Моша Пијаде бб, Крива Паланка, Република Северна Македонија

Здружението ќе дејствува на подрачјето на Општина Крива Паланка, територија на Република Северна Македонија и надвор од нејзините граници.

Член 4

Здружението има својство на правно лице кое е стекнато со упис во регистерот на здруженија и фондации и има обврска и одговорности кои произлегуваат од Законот и овој Статут и за своите обврски одговара со сите средства со кои располага.

Здружението во однос на трети лица го претставува и застапува Старешина на одредот, и по негово овластување и други лица членови на здружението.

Здружението е основано на неопределено време.

Член 5

Здружението остварува соработка со други здруженија и одреди и може да се здружи во Сојуз или други облици на здружување и да се зачлени во меѓународни организации со слични цели и методи на работа.

Здружението е полноправна членка на Сојуз на Извидници на Македонија – СИМ и како такво рамноправно учествува во неговата работа.

Здружението преку Сојуз на Извидници на Македонија членува во Светската организација на Скаутско движење  (WOSAM) и ги почитува принципите на оваа организација.

Одлука за здружување односно за зачленувањекако и за раздружување односно истапување од членство донесува Старешинството на Извидничкиот одред.

Член 6

Здружението има свој штамбил, округал печат, амблем и знаме и нивната, а нивнатта големина ги утврдува органот на управување на здружението и овој Статут.

Амблемот на здружението е со следниот изглед: Зелен јаворов лист со црвен лион, магнетна игла, две ѕвезди петокраки во жолта боја, околу јаворовиот лист се наоѓат два симитни јазли во жолта бојаа и сето тоа заокружено со јаже кое на долниот дел е врзано со амбулантен јазол во жолта боја , а околу јажето е напишано ИЗВИДНИЧКИ ОДРЕД НАУМ НАУМОВСКИ-БОРЧЕ КРИВА ПАЛАНКА во жолта боја

Член 7

Здружението има знаме со следниот изглед : Знамето е со правоаголна форма со димензии 100 х 200 см.во жолто црвена боја. Во долниот десен агол се наоѓа амблемот на одредот ( отпечатен или извезен ) а под него е напишано ИЗВИДНИЧКИ ОДРЕД НАУМ НАУМОВСКИ-БОРЧЕ КРИВА ПАЛАНКА со жолти букви.

Член 8

Печатот на здружението е во кружна форма. Во средината се наоѓа амблемот на здружението а околу него е напишано Здружение Извиднички одред Наум Наумовски-Борче Крива Палаанка

Здружението има и штамбил со ист амблем и натпис, а има и број и датум.

Член 9

Името на здружението, меѓународното име, скратеното име ,амблемот и знамето на територија на Република Северна Македонија се заштитени и никој не може да ги користи без соодветно членство во здружението.

Член 10

Работата на здружението е јавна.

Јавноста во работењето се однесува со издавање на билтени, извиднички весници, литература, пропаганден материјал, соопштенија, огласни табли, веб сајт, спроведување на акции од пошироко значење и обраќање до јавноста преку јавните гласила.

За јавноста во работењето на здружението и за информирање на членовите на здружението е одговорно Старешинството на одредот.

## ЦЕЛИ, ЗАДАЧИ И МИСИЈА НА ЗДРУЖЕНИЕТО

Член 11

Целта на здружението е: Да допринесе во развој на младите во изградба на млада и одговорна личност преку достигнувањето на нивните потполни психофизички, интелектуални, духовни и општествени можности како поединци и одговорни граѓани, членови на локалната и воопшто на меѓународната заедница.

Член 12

Мисија на здружението Извиднички одред Наум Наумовски-Борче Крива Паланка е да придонесе во образование на младите лица низ систем на вредности засновани врз Извидничкиот завет и закони, да помогнат во изградба на подобар свет каде что луѓето се самоисполнуваат како индибвидуи и имаат конструктивна улога во општеството.

Член 13

Задачи на здружението е кај своите членови да:

- Развива позитивни особини, другарство, работливост, искреност, скромност, истрајност, снаодливост, храброст и друго.
- Развива разбирање и љубов кон природата и вклучување во секакви акции за зачувување на животната средина.
- Поттикнува интересирање и склоност кон тековите на науката, техниката, културата и спортот.
- Придонесување за корисно исполнување на слободното време на членовите и нивна рекреација.
- Помогне да научат да се почитуваат себеси и другите, светот во кој живеат и средината која ги опкружува.
- Помогне да стекнат правилни погледи на светот, да знаат да го разликуваат правилното од погрешното.
- Да ги научат да бидат јаки кога се во невоља, но и да искажат желба да побараат помош или совет кога им е потребен.
- Да ги научи да ги слушаат и почитуваат другите, нивните идеи и верувања.
- Да ги научи да реагираат на неправда и да помогнат во изградба на едно поправедно и похумано општество.
- Бидат способни да смислат идеи и да направат план во кој ќе се видат самите себе.
- Да не се плашат од неуспех и да го дадат најдоброто од себе си.
- Да ја научат вистинската вредност на нештата и важноста на семејството и пријателствата.
- Ја разбират и слават својата култура и културата на другите.
- Ги разбира важноста и користа на образованието во сите негови форми.

Член 14

**НАЧИНОТ**на остварување на нашите цели е со охрабрување на физичкиот, интелектуалниот, емотивниот, социјалниот и духовниот развој на младите луѓе со што тие би го достигнале својот целосен потенцијал и како одговорни граѓаниби го подобриле општеството преку **УПОТРЕБА НА ИЗВИДНИЧКИТЕ МЕТОДИ.**

1. **Завет и Закони:** Да бидат обврзани и да живеат според вредностите на кои се содржани во Заветот и Законите,
2. **Учече преку работа:** Да создаваат свои ставови, знаења и вештини стекнати преку практично извршување на задачите.
3. **Патролен систем:** Да бидат дел од мала група на врсници, кои се под водство на повозрасен.
4. **Симболичка рамка:** Симболичката рамка е важен елемент од Извидничките Методи. Целта и е да го нагласи стилот на живеење врз кое е изградено извидништвото и да им претстави позитивни идоле на извидниците.
5. **Природа:** Активности на отворено и искуства стекнати со тие активности.
6. **Личен напредок:** Извидникот треба да се справува со предизвикувачки, прогресивни и креативни активности и со тоа да го развие во целос својот потенцијал. Со тек на времето треба да му се зголемат задолжувањата и обврските како би се потикнал нивниот личен напредок.
7. **Подршка на возрасните**:Извидничтвото настојува на соработка меѓу возрасните и младите. Нивната соработка се гради врз доверба и взаемна почит. Улогата на возрасните еда им овозможат на младите луѓе да го развиваат целосно својот потенцијал.
8. **Вклучување во заедницата:**Вклучувањето во заедницата значи активно истражување и посветеност кон заедниците и поширокиот свет, поттикнувајќи поголема благодарност и разбирање меѓу луѓето.

Член 15

**ОСНОВНИ ПРИНЦИПИ НА ЗДРУЖЕНИЕТО СЕ:**

1) **Обврска кон духовниот развој**односно прифаќање на духовните принципи и лојалност кон верата и прифаќање на обврските кои произлегуваат.
2) **Обврска кон другите** подразбира лојалност кон својата татковина заедно со промовирање на локалниот ,националниот и светскиот мир. Разбирање, соработка и учество во развојот на општеството со признавање и почитување на дигнититетот на другите и интигритетот на природниот свет.

3) **Обврска кон себе** или одговорност за сопствениот развој

## ЧЛЕНСТВО, ЗАВЕТ И ЗАКОНИ

Член 16

Член на Здруението може да стане секое лице граѓанин на Република Северна Македонија кој што ги прифаќа Програмата и Статутот на Здружението и СИМ и редовно учествува во активностите на извидничката организација.

За зачленување на лица помлади од 18 години задолжително се зема писмена изјава за согласност од нивните родители или законскиот застапник за зачленување во здружението.

Во здружението можат да се зачленат и лице со ограничена или одземана деловна способност доколку нивните законски застапници дадат писмена изјава дека се согласуваат со зачленувањето.

Член на Здружението се станува со потпишување на Пристапна Изјава.

Образецот на Пристапната Изјава го утврдува Старешинството на Одредот.

Одредот ја гарантира анонимноста на личните податоци на членовите кои тоа го побарале, а подоцна од став 1 на овој член се заштитени во согласност со Законот за заштита на лични податоци.

Член 17

Членството во Здружението престанува доброволно и со исклучување.

При престанок на членството Пристапната Изјава задолжително се враќа.

Член 18

На лицето доброволно ќе му престане членството доколку, до Старешинствот на Одредот или до друго, од Старешинството овластено тело, достави писмена изјава за истапување од членството.

Член 19

Лицето ќе биде, со одлука на Старешинството на Одредот исклучено од Здружението доколку:

- редовно не учествува во активностите на Здружението и неговите единици,
- го крши овој Статут или други акти на Здружението,
- потешко го повреди угледот и честа на Здружението и извидничката организација
- редовно не плаќа членарина.

Член 20

Здружението за своите членови води регистер кој го ажурира еднаш годишно.

Основачите на здружението имаат еднакви права и одговорности како и сите други членови на здружението кои подоцна пристапиле.

Член 21

Членството се дели на категории по возраст:

- развигорци,
- извидници
- истражувачи
- ровери

Заеднички назив за сие членови на Одредот е ИЗВИДНИЦИ.

Член 22

Новите членови на здржението имаата најмалку 3 месеци подготвителен период по што даваат Завет кој гласи:

Давам чесен збор, дека ќе ја запознам и сакам својата татковина, дека ќе ја прифатам духовноста, реалноста, и ќе го бранам нејзиното потполно значење, дека секогаш ќе помагам на луѓето и дека ќе живеам и работам според извидничките закони.

Член 23

Законите за развигорците гласат

- Развигорецот е добар пријател, храбар и чесен
- Развигорецот ги почитува своите родители и постарите
- Развигорецот е вреден , несебичен и добро учи

Законите за извидниците гласат:

- На извидникот му преставува чест луѓето да му веруваат.
- Извидникот е корисен за пошироката околина
- Извидникот е добар другар.
- Извидникот е учтив.
- Извидникот е оптимист.
- Извидникот е верен и одговорен.
- Извидникот постојано учи и ги применува стекнатите знаења.
- Извидникот ги цени и развива духовните и културните вредности.
- Извидникот ја сака и цени природата.
- Извидникот е чесен во мислите, зборовите и делата.

Член 24

Правата и должностите на членот на Здружението се:

- Да го почитува Статутот на Здружението, да ја спроведува Програмата и да учествува во другите активности во согласност со предвидената програма.

- да предлага донесување на одлуки и рамноправно, во согласност со демократските односи во Здршжението да учествува во одлучувањето, кога може да прима одговорности за донесување одлуки и истите да ги извршува,
- во зависност од возраста, да избира и да може да биде избран за сите функции во Здружението, во сите одредски органи и тела, неговите организации и во раководствата наизвидничките акции.
- да ги користи средствата на Здружението и повластувањата што општествената заедница им ги дава на извидниците.
- Да го развива и негува угледот на Здружението и Сојуз на Извидници на Македонија.
- Да ја носи униформата на Сојуз на Извидници на Македонија, марамата на здружението и амблемите и ознаките на здружението и Сојуз на Извидници на Македонија за време на извидничките активности во согласност со Правилникот за униформа и ознаки.
- Редовно да плаќа членарина.
- Членовите на здружението кои се постари од 16 години можат да предлагаат донесуваат одлуки и рамноправно да учествуваат во одлучувањето, а воедно и сносат одговорност за донесените одлуки.
- Со наполнети 18 години можат да бидат избрани и да избираат членови на сите органи на здружението , Сојуз на Извидници на Македонија и раководства на извиднички акции.
- За успешна работа во Здружението и Сојуз на Извидници на Македонија поединци или единици можат да бидат пофалени, наградени и одликувани што е регулирано со посебен правилник кој го донесува Старешинството на одредот.

## ОРГАНИЗАЦИОНА СТРУКТУРА

Член 25

Активноста на Здружението се изведува во воспитните, работните и организационите одредски единици: Јато, Патрола, Клуб и Дружина.

Член 26

Јатото е основна воспитна и работна единица на развигорците.

Патролата е основна воспитна и работна единица на помладите извидници.

Клубот е основна работна и организациона единица на извидници

Дружината е организациона единица која е составена од Јата, Патроли и Клубови кои опфаќаат иста старосна категорија на членови.

Член 27

Одредските единици ги формира и расформира Старешинството на Одредот.

Секоја одредска единица има свое име, знаме и знак.

Секоја одредска единица ја предводи Водач кого го именува и разрешува Старешинството на Одредот.

Член 28

Секоја работна еднница опфаќа од 4 до 8 извидници по правило од приближно иста старосна возраст.

Член 29

Најмалку две работни единици во одредот (јата,патрола,клуб) од иста старосна категорија се организираат во основна одредска единица ДРУЖИНА (ПОСАДА)

Дружината или посадата ја предводи Предводник кој ја кординира активноста и меѓусебната соработка на работните единици – дружина (посада).

Член 30

Доколку здружението делува на територија чија одалеченост од одредското седиште оневозможува редовно оперативно кординирање на работните единицина таа територија може да се формира САМОСТОЈНА ДРУЖИНА која опфаќа различна старосна категорија на извидници.

Самостојната дружина може да се формира со одлука донесена од Старешинството на одредот.

## ЗАСТАПУВАЊЕ, РАКОВОДЕЊЕ И ОРГАНИ НА ЗДРУЖЕНИЕТО

Член 31

Во правниот промет со трети лица Здружението го застапува и претставува Старешината на одредот.

Логото кое ќе се употребува како официјален (амблем) во работењето на здружението ќе го определи Собранието на здружението со посебна одлука.

Член 32

Органи на здружението се:

1) Собрание на Одредот
2) Старешина на Одредот
3) Старешинство на Одредот
4) Надзорен одбор на Одредот

Изборот и отповикувањето на органите, членовите на органите, претставниците и носителите на одредските функции во здружението се вршат со мнозинство гласови од вкупниот број на членови на органот каде се врши изборот.

Мандатот на избраните органи и членовите на истите изнесува 4 години со право на уште еден избор.

1. **СОБРАНИЕ НА ОДРЕДОТ**

Член 33

Собранието на Одредот е највисок орган, а него го сочинуваат сите членови на Здршжениети.

Собранието работи на седници и одржува седница најмалку еднаш годишно

Седниците на Собранието ги свикува Старешината на Одредот.

Вонредна седница на Собранието може да се свика и на писмено барање на Старешинството или 1/3 од членовите на Здружението, а истата Старешината на Одредот ја закажува најдоцна во рок од 30 дена.

Во случај доколку Старешината на Одредот не постапи по барањето на Старешинството или 1/5 од членовите на Здружението и во определениот рок од 30 дена не свика Седница, во тој случај седницата на Собранието ја свикува надлежен суд.

Член 34

Собранието може да работи и полноважно да одлучува доколку на седницата присуствуваат повеќе од половината од вкупниот број членови.

Собранието одлучува со мнозинство гласови од присутните членови.

Сите одлуки Собранието ги донесува по пат на јавно гласање, а при избор на Старешина и членови на старешинството гласањето може да биде и тајно.

Со седницата на Собранието претседава Старешината на Одредот.

Член 35

Собранието на одредот:

- Го донесува Статутот, Програмата и другите акти на Одредот и одлучува за нивната измена и дополнување.
- Расправа за општи прашања поврзани за работата на Одредот.

- Донесува програма за работа и финансиски план.
- Донесува деловник за работа на Собранието.
- Расправа по извештаите на: Старешината, Старешинството и Надзорниот одбор и истите ги усвојува.

- Усвојува годишен извешта за работа и финансиски извештај и јавно ги објавува.
- Ги избира и разрешува: Старешината на одредот кој претседава со Седниците на Собранието и Старешинството и го претставува Одредот.
- Ги избира и разрешува членовите на органите на Одредот (Старешинството и Надзорниот одбор).
- Одлучува за промена на целта на Одредот како Здружение.
- Формира привремени и постојани тела.
- За извршување на работи во надлежност на Собранието и за вршење на работи во надлежност на здружението.
- Одлучува за внатрешната организација и организационите форми на органите и телата за здружението.
- Одлучува за статусните измени на здружението.
- Доставува финансиски извештај за својата работа до државниот орган на државната управа, односно до органот на општината во случаите кога користи средства за работа од Буџетот на РСМ, односно буџетите на единиците на локалната самоуправа.
- Одлучува за престанокот на постоење на Здружението со 2/3 мнозинсто од вкупниот број членови на Здружението.
- Врши и други работи кои произлегуваат од овој Статут, општите акти на здружението и важечките закони во РСМ.

## 2. СТАРЕШИНА НА ОДРЕДОТ

Член 36

Старешината е член на старешинството на Одредот.

- Го претставува и застапува здружението.
- Претседава со седниците на Собраниети или Старешинството.
- Ги спроведува и извршува одлуките на Собранието и Старешинството.
- Се грижи за рационално распределување на материјалните средства.
- Предлага кандидат за началник на одредот.
- Поднесува извештај за работата на Здружението во мандатниот период.

За својата работа Старешината одговара пред Собранието на одредот.

## 3. СТАРЕШИНСТВО НА ОДРЕДОТ

Член 37

Старешинството на одредот е колективен извршен орган на здружението во кој сите членови имаат еднакви права, обврски и одговорности во однос на работата што ја вршат.

Старешинството на одредот го сочинуваат Старешината на одредот и најмалку 6 члена кои имаат мандат од 4 (четири) години со можност за реизбор.

Старешинството се состанува по потреба, а најмалку четири пати годишно.

Седниците на Старешинството ги свикува и ги води Старешината на одредот , а во негово отсуство началникот на одредот.

Старешинството може полноважно да работи и донесува одлуки доколку на седницата присуствуваат повеќе од половината од членовите на Старешинството, а одлучува со мнозинство гласови од присутните.

Старешинството на одредот од своите редови избира и разрешува Началник на одредот со мандат од 4 години со право на реизбор.

Членовите на старешинството на одредот имаат право и должност да учествуваат во работата на Старешинството, да даваат иницијативи за подготовка на општи акти и да учествуваат во вршење на други надлежности во согласност со деловникот и заклучоците од Старешинството.

Член на Старешинството се изема од гласање за прашања поврзани со него лично, неговиот брачен другар, со членови на неговото потесно семејство или роднина по крв во прва линија или странична линија од втор степен како и за прашања кои се однесуваат на некое правно лице врз кои членот има контрола или економски интерес.

Мандат на член на Старешинството му престанува во следните случаи:

- Во случај на оставка.
- Во случај на смрт.
- Исклучување од здружението.
- Истек на времето за кое е избран доколку не е реизбраан.
- Поради неоправдано отсуство на 3 седници едноподруго или на повеќе од половина седници одржани во годината.
- Во други случаи определени со важечките закони во РСМ.

Во периодот меѓу две Седници на Собранието, Старешинството може да прифаати оставка на на свој член и да го пополни испразнетото место, за што го известува Собранието на првата наредна седница.

Доколку старешината на одредот од било кои причини го напушти Старешинството или здружението до прват седница на Собранието него го заменува началникот на одредот се до избор на нов Старешина.

Член 38

Старешинството на одредот ги врши следните работи во остварување на своите права и обврски:

Член 60

Со донесување на овој статут престанува да важи досегашниот статут врз кој Здружението Извиднички одред Наун Наумовски-Борче Крива Паланка е впишан во регистерот на здруженија и фондации кои се регистрираат на територијата на РСМ од 22.11.2010 година.

Член 61

Овој Статут е донесен на седница на Собрание на одредот на Здружението Извиднички одред Наум Наумовски-Борче Крива Паланка одржано на ден 15.12.2019 година и стапува на сила со денот на неговото донесување.

Здружение Извиднички одред Наум Наумовски-Борче Крива Паланка

Старешина на одредот

Свете Миленковиќ